**Лабораторија за бази на податоци, програмски технологии и е-учење**

| | Детали |
|---|---|
| **Партнер** | Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола,<br>Факултет за информатички и комуникациски технологии |
| **Тип на опрема** | Лабораториска опрема за бази на податоци, програмски технологии и е-учење |
| **Целна група** | Стартапи, индустриски компании, јавна администрација и истражувачи |
| **Клучна технологија** | бази на податоци, програмски технологии и е-учење |
| **Статус** | Достапно за користење |
| **Предуслови за користење** | Релевантен проект или потреба, основни технички познавања |

---

**Опис на инфраструктурата/ опремата**

Целта на Лабораторијата за бази на податоци, програмски технологии и е-учење е студентите на Факултетот за информатички и комуникациски технологии (ФИКТ) и други заинтересирани лица да стекнуваат практични знаења, вештини и способности преку одржување на лабораториски вежби и истражувачка работа, а со кои можат да одговорот на потребите на пазарот на труд во периодот што претстои. Во лабораторијата, првенствено се одржуваат лабораториски вежби по предметите од областите на бази на податоци, програмски технологии, информациски системи, процесирање на податоци, наука за податоци, вештачка интелигенција, кориснички интерфејси, е-учење, пресметување со високи перформанси, како и изведување на вежби и настава со опремата за хибридна настава за комбинирано учење со физичко присуство и на далечина (онлајн).

Лабораторијата е опремена со современи 30 компјутери. Лабораторијата ја користат и студенти на Факултетот на втор и трет циклус за научно-истражувачка и применувачка работа.

Сите предавални за одржување на наставата во факултетот се опремени со проектори. Друга опрема со која располага факултетот современо озвучен амфитеатар, печатачи, копири, лаптоп компјутери, современа мрежна инфраструктура која го покрива комплетниот објект со жичен и безжичен интернет.